Macedonian

# ВАШИОТ ГЛАС

## Водич за вашиот систем за гласање

### За што гласам?
Гласате на федералните избори за да одберете луѓе кои ве претставуваат во австралискиот федерален Парламент.

Парламентот е тело кое донесува решенија, составен е од два дома - Дом на претставници (House of Representatives) и Сенат (Senate). Парламентот донесува одлуки за работи кои ќе влијаат на сите Австралијанци.

Се користат два начини на гласање за двата дома на Парламентот.

**Домот на претставници:** Австралија е поделена на 148 области наречени divisions. Секоја област има околу 80.000 гласачи. Гласачите во секоја област одбираат едно лице (член на Парламентот) да ги претставува во Домот на претставници. Тоа тело понекогаш се нарекува People’s House или Lower House.

**Сенат:** Секоја држава и територија избираат сенатори да ги претставуваат во Сенатот. Сенатот има 12 сенатора, а Северната Територија и Територијата на главниот град на Австралија имаат по два сенатора. Понекогаш ова тело се нарекува State’s House или Upper House.

### Како да учествувам во нашиот изборен систем?
Има две важни работи што треба да ги направите за да учествувате во нашиот изборен систем:

1. Запишување во гласачките списоци
2. Гласање

## ЗАПИШУВАЊЕ ВО ГЛАСАЧКИТЕ СПИСОЦИ

### Како да се запишете?
Пред да може да гласате, треба да се запишете на гласачките списоци. Кога ќе го запишете вашето име на гласачкиот список, тоа ќе биде ставено во изборниот округ каде што живеете. Запишувањето е лесно - само пополнете го формуларот за запишување што може да се добие од сите пошти, канцелариите на Австралиската изборна комисија (АЕС) или од нашето место на интернет њњњ.аец.гов.ау. Со еден формулар ќе се запишете во списоците за федерални, државни избори, избори во териториите и повеќето општински избори.

### Дали морам да се запишам во гласачките списоци?
Да, тоа е задолжително ако имате 18 години или ако сте постари и државјани на Австралија. Седумнаесетгодишните лица може да се запишат за да гласаат кога ќе наполнат 18 години.

### Што ќе се случи ако ја променам мојата адреса?
Секојпат кога ќе се преселите на друго место, било преку улица или во друг град или дел на замјата, треба да пополните нов формулар за запишување на гласачките списоци.

### Што да направам ако не сакам мојата адреса да се појавува на гласачките списоци заради причини од безбедност?
Ако не сакате вашата адреса да се појавува на списоците поради лична безбедност, може да побарате да се запишете како лице чии податоци за живеалиштето се чуваат во тајност (silent elector). Запишувањето не е автоматско. Тоа се прави ако навистина постои опасност за вашата безбедност. Формуларите за запишување и поединостите може да се добијат од сите канцеларии на АЕС.

### Може ли да се запишам ако немам постојана адреса?
Да, може да се запишете на гласачките списоци како гласач кој се наоѓа на патување (itinerant elector). Формуларите за запишување и поединостите може да се добијат од сите канцеларии на АЕС.

### Што ќе се случи ако одам во странство, а сум запишан на гласачките списоци?
Ако веќе сте запишани да гласате во сојузните избори и одите во странство и имате намера да се вратите во Австралија во рок од 6 години, може да побарате да се пријавите како лице кое гласа од странство (overseas elector). Тоа ќе осигури вашето име да не се избрише од гласачките списоци, а вие може да гласате додека сте надвор од Австралија. Ако не сте веќе запишани во гласачките списоци и ако живеете надвор од Австралија, сепак може да имате право да се запишете во гласачките списоци. Повеќе информации за тоа може да се прочитаат на формуларот “Молби за запишување надвор од Австралија” (“Applications for enrolment outside Australia”) што може да се добијат од сите канцеларии на АЕС, австралиските дипломатски мисии и местото на интернет на АЕС, www.aec.gov.au.

За време на пократки престои во странство, ве молиме јавете се во Австралиската изборна комисија за да кажете кога заминувате и кога се враќате. Можете да се јавите по телефон на 1300 720 139 или да пишете до вашата локална канцеларија на АЕС.

## ГЛАСАЊЕ

### Кога да гласам?
Секогаш се гласа во сабота.

Гласачките места се отворени од 8 часот претпладне до 6 часот попладне.

## Каде можам да гласам?

Повеќето Австралијанци можат да гласаат во локалните гласачки места во близина. Како ќе гласате зависи од тоа каде се наоѓате на денот на гласањето.

- Ако се наоѓате во вашиот гласачки округ, можете да гласате со обичен глас (ordinary vote). Телефонирајте на 1300 720 139 или проверете во локалниот весник за повеќе поединости.
- Ако се наоѓате во државата каде што е вашиот дом или во таа територија, може да гласате како лице кое е отсутно (absent vote) во било кое гласачко место во вашата држава и територија, но надвор од вашиот гласачки округ.

## Што ќе се случи ако патувам во друга држава на Австралија на денот на гласањето?

Ако се наоѓате во друга држава на Австралија на денот на изборите, може да гласате однапред или на самиот ден кога се гласа, во специјални центри за гласање однапред (prepoll voting centres) или во било која окружна канцеларија на AEC.

Исто така може да побарате гласачкото ливче да ви се испрати во другата австралиска држава каде што се наоѓате. Формулари за гласање по пошта (postal vote applications) може да се добијат од било која пошта, канцеларија на AEC или на нашето место на интернет www.aec.gov.au

## Што ќе се случи ако не можам да дојдам на гласачкото место на денот на изборите?

Ако на денот на изборите не можете да дојдете на гласачкото место, може да гласате однапред (prepoll vote) во било која окружна канцеларија на AEC или во центрите за гласање однапред (prepoll voting centres) пред денот на изборите.

Исто така може да побарате гласачките ливчиња да ви се испратат по пошта. Формуларите за гласање по пошта може да се добијат од било која пошта, канцеларија на AEC или од нашето место на интернет њњњ.аец.гов.ау.

Причини за гласање однапред (за гласање по пошта) се:

- работа
- патување
- боледување
- онеспособеност
- верски уверувања
- живеете подалеку од 8 километри од гласачкото место

## Што ќе се случи ако не можам да гласам на гласачкото место на идните избори?

Ако не можете да дојдете на гласачкото место за да гласате, може да побарате да ве запишат на списокот на гласачи кои гласаат по пошта (general postal voter).

Ако сте пријавени како генерал постал вотер, вашите гласачки ливчиња ќе бидат испратени по пошта во плик на кој е напишана повратната адреса и платена поштарината. Но погрижете се да го испратите вашиот поштенски глас пред денот на изборите, затоа што има строги рокови.

Може да побарате да станете гласач по пошта ако:

- живеете подалеку од 20 километри од гласачкото место
- сте онеспособени
- здравјето ви е лошо или се грижите за некого што има лошо здравје
- имате верски уверувања кои ве спречуваат да гласате на денот кога се одржуваат изборите.

За молбените формулари за гласање по пошта и повеќе информации за сето ова телефонирајте во AEC на 1300 720 139.

## Што да сторам ако сум во болница или старечки дом?

Некои болници и старечки домови ќе бидат посетени од мобилни тимови за гласање или пак ќе си имаат свои гласачки места. Можете да гласате по пошта. Молбата за гласање по пошта може да се добие од болница или од рецепција на старечките домови.

## Што да сторам ако живеам во некое оддалечено место?

Многу оддалечени места и заедници ќе бидат посетени од мобилниот тим за гласање. Исто така може да гласате по пошта. Поштенските формулари за гласање може да се добијат од било која пошта, канцеларија на AEC или од нашето место на интернет www.aec.gov.au

## Може ли да гласам иако сум во странство?

Да, има два начина како можете да гласате додека сте во странство:

- Лично - во повеќето австралиски амбасади или мисии во странство. Јавете се во мисијата или амбасадата пред да ги посетите.
- По пошта - низ сите австралиски амбасади и мисии во странство. Побарајте од мисијата или амбасадата да ви испратат формулар за гласање по пошта, пополнете го, испратете го по пошта, по факс или лично вратете го во мисијата или амбасадата. Гласачките ливчиња ќе ви се испратат на адресата што ќе ја наведете.

## Каде да дознаам повеќе за изборите на ниво на држава и изборите за локална општинска власт?

Овие избори се разликуваат од федералните избори. Јавете се во комисиите за избори во вашата држава или територија или во вашата локална канцеларија на Австралиската изборна комисија (AEC) за повеќе поединости.

## Дали сакате да дознаете повеќе?

Може да се јавите по телефон во AEC на 1300 720 139 по цена на локален телефонски разговор, или посетете го местото на интернет на AEC